- врши интердисциплинарни истражувања и научно-апликативни проекти во областите енергетика, климатски промени, циркуларна економија, паметни технологии и други поврзани со одржливиот развој;
- дава поддршка на спиноф-иницијативи и поддршка за одржливи иновации;
- дава поддршка на млади истражувачи и докторанди преку истражувачки проекти;
- дава помош и поддршка за отворање на лаборатории за примена на иновации во реални услови;
- во зависност од можностите, дава заложби за доделување годишна

награда за најдобра универзитетска иновација во областа на одржливиот развој;
- врши и други работи согласно со актите на Универзитетот.

**Член 4**

Финансирањето на Центарот ќе се обезбедува од средства од меѓународни и домашни проекти, донации, спонзорства, самофинансирање, како и од други извори на финансирање, во согласност со позитивните прописи и актите на Универзитетот и неговите единици.

**Член 5**

Организирањето на дејноста, начинот и организацијата на работа, просторните услови, управувањето, раководењето, начинот на вршењето на стручни, административни и технички работи и други прашања поврзани со остварувањето на дејноста на Центарот, ќе бидат уредени со правилник донесен од Ректорската управа.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Претседател на Универзитетскиот сенат**
**Проф. д-р Драги Димитриевски, с.р.**

Врз основа на член 94, став 1, точка 5 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021, бр. 58/2024 и бр. 124/2025), член 126, став 2 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и Стратегијата за интелектуалната сопственост на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 734/2025), Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 25. седница одржана на 28.11.2025 година, ја донесе следнава

## ОДЛУКА
## за основање на Центар за интелектуална сопственост на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Член 1**

Се основа Центар за интелектуална сопственост на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Центарот), како внатрешна организациона единица на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот), без својство на правно лице.

**Член 2**

Центарот се формира со цел за спроведување активности насочени кон промовирање, заштита и ефикасно управување со правата на интелектуалната сопственост, кои ги штитат и промовираат иновациите, креативноста и резултатите од истражувањата.

**Член 3**

Центарот:
- учествува во реализација на Стратегијата за интелектуалната сопственост на Универзитетот;
- организира едукации и предлага теми од областа на правата на интелектуалната сопственост;
- учествува во проекти за соработка помеѓу странски и домашни физички и правни лица;
- обезбедува консултантски услуги за академскиот кадар во врска со заштитата на интелектуалната сопственост, комерцијализацијата на резултати од истражувања, патентирањето и авторските права;
- развива и спроведува едукативни програми, како семинари, летни школи и работилници, за наставно-научниот кадар и за студентите, во врска со

прописите и добрите практики од оваа област;
- соработува со центри за трансфер на технологии, научноистражувачки паркови, инкубатори, стартапови, хабови и сл. на Универзитетот, за работи што се поврзани со правата на интелектуалната сопственост;
- соработува со Советот за иновации, научно-технолошки развој и претприемаштво;
- ја следи работата на иноваторите, авторите и креативците на Универзитетот, бара поддршка и спонзорства за развивање на иновациите и врши нивно поврзување со бизнис-заедницата;
- соработува со бизнис-заедницата и државната администрација со цел да бидат искористени сите капацитети – човечки ресурси, лаборатории, научноистражувачки резултати, клиники, професионален консалтинг и know how на Универзитетот;
- врши и други работи согласно со Стратегијата за интелектуалната сопственост на Универзитетот и другите акти на Универзитетот.

**Член 4**

Финансирањето на Центарот ќе се обезбедува од средства од меѓународни и домашни проекти, донации, спонзорства, самофинансирање, како и од други извори на финансирање, согласно со позитивните прописи и актите на Универзитетот и неговите единици.

**Член 5**

Организирањето на дејноста, начинот и организацијата на работа, просторните услови, управувањето, раководењето, начинот на вршењето на стручни, административни и технички работи и други прашања поврзани со остварувањето на дејноста на Центарот, ќе бидат уредени со правилник донесен од Ректорската управа.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Претседател на Универзитетскиот сенат**
**Проф. д-р Драги Димитриевски, с.р.**

Врз основа на член 157, став 1, точка 8 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), како и член 31, став 1 и член 32, став 2 од Етичкиот кодекс (Универзитетски гласник бр. 549/2021), Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 25. седница одржана на 28.11.2025 година, ја донесе следнава

## О Д Л У К А
## за избор на нови членови на Етичката комисија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Член 1**

Се избираат нови членови на Етичката комисија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Членови на Етичката комисија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се:

- *од природно-математичките науки*

1. **проф. д-р Ламбе Барандовски**, од Природно-математичкиот факултет во Скопје

- *од техничко-технолошките науки*

2. **проф. д-р Јана Клопчевска,** од Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје

- *од медицинските науки и здравството*

3. **проф. д-р Рубенс Јовановиќ,** од Медицинскиот факултет во Скопје

- *од земјоделските и ветеринарните науки*

4. **проф. д-р Климе Белески,** од Земјоделскиот институт во Скопје

- *од хуманистичките науки и уметноста*

5. **проф. д-р Ирина Бабамова,** од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје

- *генерален секретар на Универзитетот*

6. **м-р Марија Маневска**, генерален секретар на Универзитетот

- *студент*

7. **Сергеј Пуриќ,** студент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

**Член 2**

Правата и обврските на Етичката комисија од член 1 на оваа одлука се уредени со закон, Статутот и актите на Универзитетот и со други прописи кои ја регулираат оваа материја.

Мандатот на Комисијата од член 1 е две години со право на повторни избори.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Претседател на Универзитетскиот сенат**
**Проф. д-р Драги Димитриевски, с.р.**

Врз основа на член 157, став 1, алинеја 8 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Универзитетскиот сенат, на 25. седница одржана на 28.11.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на Извештајот за работењето на Конгресниот центар во Охрид при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за периодот од април до септември 2025 година**

**Член 1**

Се прифаќа Извештајот за работењето на Конгресниот центар во Охрид при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за периодот од април до септември 2025 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Претседател на Универзитетскиот сенат**
**Проф. д-р Драги Димитриевски, с.р.**

Врз основа на член 103, став 1, точка 8 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021 и бр. 58/2024) и член 13 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020), Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 25. седница одржана на 28.11.2025 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за потврдување избор на раководител на студиска програма на трет циклус студии – докторски студии на Филозофскиот факултет во Скопје**

**Член 1**

Се потврдува изборот на раководител на трет циклус студии – докторски студии, извршен од страна на Советот на студиската програма на **Филозофскиот факултет во Скопје**, за:

- **проф. д-р Наташа Станојковска-Трајковска, за раководител на студиската програма Дефектологија.**

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Претседател на Универзитетскиот сенат**
**Проф. д-р Драги Димитриевски, с.р.**

Врз основа на член 103, став 1, точка 8 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021 и бр. 58/2024) и член 13 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020), Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 25. седница одржана на 28.11.2025 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за потврдување избор на раководител на студиска програма**
**на трет циклус студии – докторски студии**
**на Градежниот факултет во Скопје**

**Член 1**

Се потврдува изборот на раководител на трет циклус студии – докторски студии, извршен од страна на Советот на студиската програма на **Градежниот факултет во Скопје**, за:

- **проф. д-р Тодорка Самарџиоска, за раководител на студиската програма Градежништво.**

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Претседател на Универзитетскиот сенат**
**Проф. д-р Драги Димитриевски, с.р.**

Врз основа на член 103, став 1, точка 8 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021 и бр. 58/2024) и член 13 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020), Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 25. седница одржана на 28.11.2025 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за потврдување избор на раководител на студиска програма**
**на трет циклус студии – докторски студии**
**на Медицинскиот факултет во Скопје**

**Член 1**

Се потврдува изборот на раководител на трет циклус студии – докторски студии, извршен од страна на Советот на студиската програма на **Медицинскиот факултет во Скопје**, за:

- **проф. д-р Весна Велиќ Стефановска, за раководител на студиската програма Јавно здравство.**

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Претседател на Универзитетскиот сенат**
**Проф. д-р Драги Димитриевски, с.р.**

Врз основа на член 103, став 1, точка 8 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021 и бр. 58/2024) и член 13 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020), Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 25. седница одржана на 28.11.2025 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за потврдување избор на кораководител на студиска програма**
**на трет циклус студии – докторски студии на Економскиот институт во Скопје**

**Член 1**

Се потврдува изборот на кораководител на трет циклус студии – докторски студии, извршен од страна на Советот на студиската програма на **Економскиот институт во Скопје**, за:

- **проф. д-р Владимир Петковски, за кораководител на студиската програма Економски науки.**

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави во *Универзитетски гласник*.

**Претседател на Универзитетскиот сенат**
**Проф. д-р Драги Димитриевски, с.р.**

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 1 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021, бр. 58/2024 и бр. 124/2025) и член 157, став 1, алинеја 8 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Универзитетскиот сенат, на 25. седница одржана на 28.11.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Претседател на Универзитетскиот сенат**
**Проф. д-р Драги Димитриевски, с.р.**

Врз основа на член 110, став 1, точка 1 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021, бр. 58/2024 и бр. 124/2025) и член 66, став 1, точка 1 од Статутот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 446/2019), Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 3.11.2025 година, ја донесе следнава

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
**за изменување на Статутот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Член 1**

Со оваа статутарна одлука се врши изменување на Статутот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 446/2019).

**Член 2**

Членот 63, став 1 се менува и гласи:

„Претставниците на студентите во Наставно-научниот совет на Факултетот се избираат и се разрешуваат од страна на Факултетското студентско собрание“.

**Член 3**

Во членот 77, бројот 3 (три) се заменува со бројот 2 (два).

**Член 4**

Во член 81, став 1, бројот 7 се заменува со бројот 6.

**Член 5**

Оваа статутарна одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во Универзитетски гласник, а ќе се објави по добиената согласност од Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Ѓорги Груевски, с.р.**

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 1 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021, бр. 58/2024 и бр. 124/2025) и член 157, став 1, алинеја 8 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Универзитетскиот сенат, на 25. седница одржана на 28.11.2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## за согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Земјоделскиот институт во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Член 1**

Се дава согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Земјоделскиот институт во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Претседател на Универзитетскиот сенат**
**Проф. д-р Драги Димитриевски, с.р.**

Врз основа на член 110, став 1, точка 1 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021, бр. 58/2024 и бр. 124/2025) и член 50, став 1, точка 1 од Статутот на Земјоделскиот институт во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 452/2019), Научниот совет на Институтот, на својата редовна 190. седница одржана на 29.10.2025 година, ја донесе следнава

## С Т А Т У Т А Р Н А О Д Л У К А
## за изменување и дополнување на Статутот на Земјоделскиот институт во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Член 1**

Со оваа статутарна одлука се врши измена и дополнување на Статутот на Земјоделскиот институт во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 452/2019).

**Член 2**

Во член 19, пред зборот „одделенија“ се додава зборот „оддели,“.

**Член 3**

Членот 23 се менува и гласи:

„На Институтот се основани и функционираат следниве оддели:
1. Оддел за растително производство и технологии
2. Оддел за одржливо управување со природни ресурси и рурален развој.“

**Член 4**

Членот 24 се менува и гласи:

„Одделението го претставува координатор, кој е лице избрано во научно, односно наставно-научно звање од соодветното одделение. Координаторот се именува од страна на директорот, по предлог на членовите на одделението.“

**Член 5**

Членовите 25, 26, 27, 28, 29 и 30 се бришат.

**Член 6**

По членот 24 се додава нов поднаслов: Оддели и седум нови членови: 24-а, 24-б, 24-в, 24-г, 24-д, 24-ѓ, 24-е и 24-ж, кои гласат:

**„Член 24-а**

Две или повеќе одделенија можат да се поврзат во оддел.

Одделите се основни внатрешни функционални единици на Институтот. Одделите се формираат заради меѓусебната поврзаност на истражувањата и интердисциплинарната соработка, обезбедувањето ефикасна работа, рационализацијата на ресурси и стратешкото насочување.

**Член 24-б**

На Институтот постојат два оддела:

1. Оддел за растително производство и технологии, со следниве одделенија:
1.1. Одделение за лозарство
1.2. Одделение за винарство
1.3. Одделение за овоштарство
1.4. Одделение за градинарство
1.5. Одделение за поледелство.
2. Оддел за одржливо управување со природни ресурси и рурален развој, со следниве одделенија:
2.1. Одделение за заштита на растенија
2.2. Одделение за педологија и исхрана на растенија
2.3. Одделение за агробизнис, економија и рурален развој.

**Член 24-в**

Работата на одделот ја организира и ја води раководител, избран на тајни и непосредни избори од страна на членовите на одделот со мнозинство од вкупниот број членови, што се констатира на записник за период од 3 (три) години, со право на еден реизбор.

Членови на одделот се членовите на одделенијата кои го формираат одделот.

Директорот донесува одлука со која се констатира изборот на раководител на одделот. Раководителот на одделот е член на Институтската управа. Раководителот на одделот, за својата работа, одговара пред директорот.

**Член 24-г**

Доколку одделот не избере раководител до денот на истекот на мандатот на постојниот раководител, директорот назначува в.д. раководител за време до 3 месеци, кој треба да ја спроведе постапката за избор на раководител во рок од 15 дена.

**Член 24-д**

Во отсуство на раководителот, тој се заменува со највозрасниот присутен член на одделот, но не подолго од 3 месеци. По истекот на рокот од ставот 1 на овој член, се спроведува постапка за избор на нов раководител согласно со член 24-в од овој статут.

**Член 24-ѓ**

На раководителот на одделот му престанува функцијата пред истекот на мандатот во следниве случаи:

- ако поднесе оставка;
- ако биде разрешен;
- ако му престанал работниот однос;
- во други случаи утврдени со закон.

Во случаите од ставот 1, алинеи 1 и 3, во записник се констатира дека на раководителот му престанал мандатот. Наместо раководителот на кој му престанал мандатот,

записникот од став 2 од овој член го потпишува највозрасниот присутен член на одделот. Директорот донесува одлука со која се констатира престанок на мандатот. Во случај на предвремен престанок на мандатот на раководителот, одделот во рок од 7 работни дена спроведува постапка за избор за нов раководител. Ако одделот не избере раководител, се применува одредбата на член 24-г.

**Член 24-е**

Образложена иницијатива за разрешување на раководител на одделот можат да поднесат најмалку една третина од вкупниот број членови на одделот, директорот или Институтската управа. Иницијативата се доставува до членовите на одделот, кои со образложена одлука ја прифаќаат или ја одбиваат иницијативата со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одделот. Ако се прифати иницијативата, во рок од 15 дена се спроведува постапка за разрешување. Одделот со тајно гласање одлучува за разрешување на раководителот со мнозинство гласови од вкупниот број членови кои имаат право на глас.

**Член 24-ж**

Раководителот на одделот:

1. ја организира и ја води работата на одделот и е одговорен за навремено извршување на работите од дејноста на одделот;
2. ги свикува и ги води состаноците на одделот;
3. се грижи за наставно-образовната и научноистражувачката работа од областа на одделот;
4. ги извршува одлуките на органите на Институтот кои се однесуваат на работата на одделот;
5. ги известува органите на Институтот за работата на одделот;
6. се грижи за работната дисциплина во одделот;
7. се грижи за состојбата на просторот и опремата што ги користи одделот;
8. се грижи за создавање и развој на научен подмладок;
9. поднесува годишен извештај за својата работа пред одделот и директорот;
10. ги известува членовите на одделот за работата на Институтската управа;
11. врши и други работи што ќе му ги доверат органите на Институтот.“

Член 7

Член 31, став 1 се менува и гласи:

„За потребите на дејноста на одделите и одделенијата во Институтот се формираат централни (заеднички) и внатрешни (посебни) лаборатории.“

Став 2 се брише.

Став 3 се менува и гласи:

„Централни лаборатории се формираат како заеднички, а за потребите на одделите, и тоа:

- Лабораторија за испитување на семе, во Одделот за растително производство и технологии, и
- Лабораторија за заштита на растенијата и молекуларна дијагностика, во Одделот за одржливо управување со природни ресурси и рурален развој.“

Став 4 се менува и гласи:

„Внатрешни лаборатории се формираат како посебни за потребите на Одделенијата, и тоа:

- Лабораторија за вино и алкохолни пијалаци, во Одделението за винарство, и
- Лабораторија за контрола на почва, ѓубрива и растителен материјал, во Одделението за педологија и исхрана на растенијата.“

**Член 8**

Во член 33, став 4 се брише.

**Член 9**

Член 36 се менува и гласи:

„Научниот совет, со статутарна одлука за формирање на центар, утврдува со која цел се основа центарот, кадровската екипираност и

други работи поврзани со начинот на функционирање.

На Институтот има Центар за интегрирани истражувања. Центарот обезбедува врска помеѓу двата оддела за работите поврзани со интердисциплинарни проекти, дигитализација, климатски промени и иновации.

Секое одделение делегира по еден свој претставник/координатор во Центарот. Раководител на Центарот се именува и разрешува од страна на директорот.

Во рамките на Центарот функционираат и следниве технолошко-експериментални капацитети (инфраструктурни единици):

**1.** Експериментална винарија и дестилерија, и

**2.** Експериментална оранжерија.

Раководителот на Центарот:

1. обезбедува усогласување на активностите меѓу двата оддела: Одделот за растително производство и технологии и Одделот за поддршка, управување и одржување;
2. ги свикува и ги води состаноците на Центарот;
3. го следи протокот на информации, ресурси и задачи за да нема преклопување или празнини во активностите на одделите;
4. ги планира, ги организира и ги надгледува проектите и програмите на одделите;
5. воспоставува приоритети и донесува одлуки врз основа на стратешките цели;
6. дејствува како главен комуникациски канал меѓу двата оддела, но и кон надворешни партнери;
7. ја координира работата на технолошко-експерименталните капацитети (инфраструктурни единици) преку делегираните членови од одделенијата;
8. обезбедува доверба и транспарентност меѓу одделите.“

**Член 10**

По член 59 се менува поднасловот во „Заменици директори”.

**Член 11**

Членот 60 се менува и гласи:

„Институтот има двајца заменици директори, и тоа за:

**1.** настава и наука, и

**2.** применувачка дејност.

За вршење на дел од своите права и обврски, директорот може да ги овласти замениците директори.

Замениците директори се избираат од страна на Научниот совет, на предлог на директорот.“

**Член 12**

Во членовите 61, 62 и 63 и 64, зборовите „заменик-директор“, се заменуваат со зборовите „заменици директори“.

**Член 13**

Член 64 се менува и гласи:

„Институтската управа е орган на управување на Институтот и има 5 члена.

Институтската управа ја сочинуваат директорот, заменик-директорот за настава и наука, заменик-директорот за применувачка дејност и раководителите на оддели.“

**Член 14**

Одделите ќе се формираат и ќе изберат раководители во рок од еден месец од влегувањето во сила на оваа одлука.

Мандатот на раководителите на одделенијата трае до изборот на раководители на оддели.

Раководителите на одделенијата имаат право да бидат избрани за раководители на оддели, независно од бројот на мандати кои ги имале како раководители на одделенија.

Институтската управа ќе се формира во рок од еден месец од изборот на раководителите на одделите.

**Член 15**

Статутарната одлука влегува во сила со денот на објавување во *Универзитетски гласник.*

**Д и р е к т о р**
**Проф. д-р Виктор Ѓамовски, с.р.**

Врз основа на член 94, став (1), алинеја 43, член 173, став 2 и член 175, став 2 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021, бр. 58/2024 и бр. 124/2025), Универзитетскиот сенат, на 25. седница одржана на 28.11.2025 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за потврдување избор во звањето редовен професор**

**Член 1**

Се потврдува изборот во звањето редовен професор на д-р Марина Ефтимоска, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје, во наставно-научната област:

- *дентална патологија, реставративна стоматологија и ендодонција (3.05.01.05).*

Редовниот професор го задржува звањето доживотно и заснова работен однос на неопределено време.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзи-тетски гласник.*

**Претседател на Универзитетскиот сенат**
**Проф. д-р Драги Димитриевски, с.р.**

Врз основа на член 94, став (1), алинеја 43, член 173, став 2 и член 175, став 2 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021, бр. 58/2024 и бр. 124/2025), Универзитетскиот сенат, на 25. седница одржана на 28.11.2025 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за потврдување избор во звањето редовен професор**

**Член 1**

Се потврдува изборот во звањето редовен професор на д-р Владимир Цветкоски, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, во наставно-научните области:

- *англиски јазик (6.02.01.16),* и
- *преведување и толкување (6.02.01.31).*

Редовниот професор го задржува звањето доживотно и заснова работен однос на неопределено време.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзи-тетски гласник.*

**Претседател на Универзитетскиот сенат**
**Проф. д-р Драги Димитриевски, с.р.**